**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп.1 бр. 11-693**
**23.12.2014 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 205 став 1 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.38/05, бр.110/08 и бр.51/11) и член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1 и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), а во врска со Дополнението бр.11-6371/2 од 23.12.2014 година на Извештајот од вонредниот програмски надзор на Друштвото за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, бр.11-6371/1 од 18.12.2014 година (прилог бр.1 кон ова Решение), поради дополнително констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата на ден 23.12.2014 година го донесе следното:

**Решение за дополнување на**
**Решението за опоменување и за исклучување на**
**реемитувањето на програмски сервиси,**
**УП1 бр.11-679 од 18.12.2014 година**

1. Се врши дополнување на донесеното решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси, УП1 бр.11-679 од 18.12.2014 година, на следниот начин:

Во образложението на решението, по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, програмскиот сервис **Fox Life, е регистриран врз основа на** актот издаден од Советот за Електронски медиуми на Република Бугарија, со кој е одобрено **емитување на наведениот програмски сервис, во кое како територијален опсег на емитување, е наведена и Република Македонија.**

Согласно погоренаведената документација и извршената споредба меѓу реално реемитуваните програмски сервиси од страна на операторот и регистрираните програмски сервиси од страна на Агенцијата, **од страна на Агенцијата беше констатирано следното:** странскот програмски сервис **Fox Life**, за чие емитување Република Бугарија издала дозвола, **не може да се емитува на територијата на Република Македонија, без издадена дозвола од страна на регулаторното тело – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 69 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во кој е предвидено дека**, за телевизиски програмски сервис што се емитува во Република Македонија, дозвола доделува Агенцијата. Согласно наведеното, јасно произлегува дека во Република Македонија дозвола за телевизиско емитување може да издаде единствено Агенцијата како регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и

- Во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, програмскиот сервис **National Geographic, е регистриран врз основа на** актот издаден од Советот за Електронски медиуми на Република Бугарија, за национално емитување на наведениот програмски сервис на територијата на Република Бугарија. Но при реемитувањето на територијата на Република Македонија, во рамките на тој програмски сервис, инсертирани се и се реемитуваат рекламни спотови на српски јазик, со што е извршена измена во реемитуваниот програмски сервис. Имено, во член

3 точка 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е наведено дека **реемитувањето на програмски сервиси е јавна електронска комуницациска услуга**, која ја обезбедува операторот на јавна електронска комуницациска мрежа и **претставува примање и истовремено пренесување на радио и телевизиски програмски сервиси во целост и без каква било модификација во нивната програмска содржина**, што радиодифузерите ги емитуваат за прием од страна на јавноста.

Оттука, реемитувањето на понапред наведените програмски сервиси на територијата на Република Македонија е во спротивност со член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, 101/14 и 132/14), за што е предвиден прекршок по член 148 став 25 и член 148 став 2 од истиот закон.

Ставот 4 станува став 5.

---

1. Во сите останати делови, Решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси, УП1 бр.11-679 од 18.12.2014 година, останува неизменето.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги СКОПЈЕ

1. Дополнение бр.11-6371/2 од 23.12.2014 година на Писмен извештај за извршен вонреден програмски надзор бр.11-6371/1 од 18.12.2014 година,

Доставено до:
- Друштвото за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Друштвото за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје;
- Раководител на Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права;
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - Скопје
23.12.2014
11 6371/2 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ДОПОЛНЕНИЕ НА ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ВОНРЕДЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР, бр.11-6371/1 од 18.12.2014 година

## ОПШТО ЗА НАДЗОРОТ:

Вонредниот програмски надзор во согласност со член 27 став 1, 2 и 3 и член 28 став 1, 2 и 3, **а во врска со член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, 101/14 и 132/14)** како и во согласност со Методологијата за вршење на програмски надзор донесена од страна на Агенцијата, беше спроведен врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи во Скопје, **Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје**, на ден 18.12.2014 година, од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во врска со напред наведеното, на ден 23.12.2014 година, беше извршено допрецизирање на Писмениот извештај бр.11-6371/1 од 18.12.2014 година во однос на реемитувањето на странските програмски сервиси: Fox Life и National Geographic, од страна на **Друштвото за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ** Скопје

## ВИД И ПРЕДМЕТ НА НАДЗОРОТ:

Вонредниот програмски надзор покрај на околностите наведени во Писмениот извештај бр.11-6371/1 од 18.12.2014 година, се спроведе и на следната околност: **дали се врши реемитување на странски програмски сервиси спротивно на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

## КОНСТАТАЦИИ И ОПИС НА ПРЕКРШУВАЊЕТО:

Од извршениот увид и споредба меѓу реално реемитуваните програмски сервиси од страна на операторот и регистрираните програмски сервиси од страна на Агенцијата, беа утврдени следните нови факти, и тоа:

- во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, програмскиот сервис **Fox Life, е регистриран врз основа на** актот издаден од Советот за Електронски медиуми на Република Бугарија, со кој е одобрено **емитување на наведениот програмски сервис, во кое како територијален опсег на емитување, е наведена и Република Македонија.**

Согласно погоренаведената документација и извршената споредба меѓу реално реемитуваните програмски сервиси од страна на операторот и регистрираните програмски сервиси од страна на Агенцијата, **од страна на Агенцијата беше констатирано следното:** странскиот програмски сервис **Fox Life**, за чие емитување Република Бугарија издала дозвола, **не може да се емитува на територијата на Република Македонија, без издадена дозвола од страна на регулаторното тело – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 69 став 3 од**

**Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во кој е предвидено дека, за** телевизиски програмски сервис што се емитува во Република Македонија, дозвола доделува Агенцијата. Согласно наведеното, јасно произлегува дека во Република Македонија дозвола за телевизиско емитување може да издаде единствено Агенцијата како регулаторно тело во областа на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и

- Во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, програмскиот сервис **National Geographic, е регистриран врз основа на** актот издаден од Советот за Електронски медиуми на Република Бугарија, за национално емитување на наведениот програмски сервис на територијата на Република Бугарија. Но при реемитувањето на територијата на Република Македонија, во рамките на тој програмски сервис, инсертирани се и се реемитуваат рекламни спотови на српски јазик, со што е извршена измена во реемитуваниот програмски сервис. Имено, во член 3 точка 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, е наведено дека **реемитувањето на програмски сервиси е јавна електронска комунинациска услуга**, која ја обезбедува операторот на јавна електронска комунинациска мрежа и **претставува примање и истовремено пренесување на радио и телевизиски програмски сервиси во целост и без каква било модификација во нивната програмска содржина**, што радиодифузерите ги емитуваат за прием од страна на јавноста.

Оттука, реемитувањето на понапред наведените програмски сервиси на територијата на Република Македонија е во спротивност со член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, 101/14 и 132/14), за што е предвиден прекршок по член 148 став 25 и член 148 став 2 од истиот закон.

**Предлог-мерката дадена во Решението Уп1 бр.11-679 од 18.12.2014 година, останува во сила.**

**Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права**